СМРТ НА ФАШИЗАМОТ — СЛОБОДА НА НАРОДОТ

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 23 | Скопје, понеделник 27, септември 1948 год. | Год. IV

Ракописите се испраќаат во дупликат на адреса. „Службен весник на НР Македонија" Пошт. фах. 51: Скопје. Ракописите не се враќаат. Телефон на редакцијата и администрацијата 696.

Овој број чини 2 динари. Претплатата за една година изнесува 250 динари за едно полугодие 125 динари. Чековна сметка при Народна банка на ФНРЈ. — Централа за НРМ — Скопје 8.905.812.

**197**

Врз основа чл. 1 од Законот за овластување Владата на Народна Република Македонија за донесување уредби по прашањата од народното стопанство и обновата на земјата, а по предлог на Министерот за просвета, Владата на Народна Република Македонија донесува Уредба за изменувања Уредбата за отворање школа за општо образование на работниците, така да нејзиниот изменет. дополнет и пречистен текст гласи

### УРЕДБА
### ЗА ОТВАРАЊЕ ШКОЛИ ЗА ОПШТО ОБРАЗОВАНИЕ НА РАБОТНИЦИТЕ

Член 1

Во Скопје се отвара школа за општо образование на работниците.

Министерот за просвета може со решение да отвара такви школи и во други места.

Школите од претходните ставови се установи на Министерството за просвета, на чело со директор, кого што го назначува Министерот за просвета.

Член 2

Во школата можат да се запишат само лица што свршиле четврто одделение основно училиште.

Во школата од претходниот член ќе се примаат првенствено работници — ударници, новатори и рационализатори, како и други истакнати, способни и надарени работници.

Член 3

Школата има ранг на неполна средна школа.

Квалификациите добиени со свршување на школата се израмнуваат со квалификациите на неполна средна школа и ги даваат правата што се добиват со свршување на неполна средна школа.

Учењето во школата трае две години, а секоја учебна година се дели на две полугодини.

Член 4

Постоеќиот виши курс при Школото за општо образование на работниците во Скопје ќе продолжи до свршувањето му од досегашните посетители.

Квалификациите добиени со свршувањето на вишиот курс се израмнуваат со квалификациите на свршена средна школа и ги даваат правата што се добиваат со свршување на средна школа.

Член 5

Преподавателите на школите за општо образование на работниците ги назначува Министерот за просвета

Член 6

Школите за општо образование на работниците имаат своја претсметка на приходите и расходите, во составот на претсметката на приходи и расходи на Министерството за просвета.

Член 7

Се овластува Министерот за просвета да пропише наставен план, програм и правилник за полагање испити и оценување на слушателите, како и да издава поблиски прописи за извршување на Уредбава.

Член 8

Оваа Уредба влегува во сила од денот на објавувањето и во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Бр. 7210 — 17 IX 1948 год. Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА НРМ.
Л. Колишевски, с. р.

МИНИСТЕР ЗА ПРОСВЕТА,
Д. Мире, с. р.

**198**

Врз основа чл. 1 од Законот за овластување Владата на Народна Република Македонија за донесување уредби по прашања на народното стопанство и обновата на земјата, на предлог на Министерот за трговија и снабдување, Владата на Народна Република Македонија ја донесува следната

### УРЕДБА

за ставање вон сила Уредбата за основање трговски инспекции во отсеците за трговија и снабдување на извршните одбори на околијските и градските народни одбори на територијата на НР Македонија.

Член 1

Уредбата за основање трговски инспекции во отсеците за трговија и снабдување на извршните одбори на околијските и градските народни одбори на територијата на Народна Република Македонија се става вон сила.

Член 2

Трговските инспекции основани по прописите на Уредбата за основање трговски инспекции во отсеците за трговија и снабдување на извршните одбори на околискиите и градските народни одбори продолжуваат со работа како околиски (градски) трговски инспекции по прописите на Уредбата на Владата на ФНРЈ за трговска инспекција.

Член 3

Оваа Уредба влегува во сила со денот на објавувањето и во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Бр. 11573 17 IX 1948 г. Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
Л. Колишевски, с. р.

МИНИСТЕР
ЗА ТРГОВИЈА И СНАБДУЕЊЕ,
А. Каневче, с. р.

**199**

Врз основа на чл. 1 од Законот за овластување Владата на Народна Република Македонија за донесување уредби по пршања од народното стопанство и обновата на земјата, на предлог на Министерот за трговија и снабдување, Владата на Народна Република Македонија донесува следна

## УРЕДБА

## ЗА ОТКУП НА ОРИЗОВАТА АРПА (НЕЛУПЕН ОРИЗ) ОД РЕКОЛТАТА 1948 ГОД.

### ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со цел да се обезбеди правилното снабдување на работниот народ со ориз во економската 1948/49 год., к'е се изврши задолжителен откуп на оризова арпа (нелупен ориз).

Под задолжителен откуп се подразбира должноста на секој производител, земјоделска трудова задруга и државно земјоделско стопанство да и предадат на државата врз основа на прописите на оваа уредба определени количества оризова арпа по цените определени од Владата на ФНРЈ.

Член 2

Покрај количествата оризова арпа која што треба задолжително да се предаде на државата по прописите на оваа уредба производителите и земјоделските трудови задруги можат да и продадат на државата и преостаналите количества оризова арпа (слободните одвишоци) под условите кои што се прописани со Уредбата за продажба на земјоделските производи сврзана со право на купување одредени индустриски производи по пониски единствени цени. За продаденото количество на слободни одвишоци оризова арпа тие добиваат покрај куповниот износ и бонови за купување на индустриска стока по пониски единствени цени.

Член 3

Производителите можат пред жетвата да скључуват договори за продажба на оризова арпа (да контрахираат), и това како на количествата кои што се должни задолжително да ги продадат по прописите на оваа уредба, така и на своите слободни одвишоци.

Количествата оризова арпа кои што се откупуват врз основа на така склучените договори (контрахирања) се урачунаваат во задолжителниот откуп.

За договорените (контрахираните) количества оризова арпа производителите добиваат, покрај куповниот износ во готови пари, и бонови за купување индустриска стока по пониски единствени цени во големина на куповниот износ.

Контрахираното количество оризова арпа к'е се исплатува со 15% увеличение од определените државни (сврзани) цени.

Месниот народен одбор, со оглед на економската мок' и бројот на членовите на земјоделските стопанства, а во согласие со извршниот одбор на околискиот народен одбор може да ги ограничи количествата оризова арпа кои што не се откупуват прену контрахирање, но ограниченото количество не може да биде по малко од 2.000 кгр.

Производителите кои што однапред к'е склучат договори за продавање на својата оризова арпа имат право на 30% аванс од вредноста на договореното количество оризова арпа, како во готови пари односно акредитивни чекови, така и во бонови за купување на индустриска стока по пониски единствени цени.

### ПЛАНИРАЊЕ НА ОТКУПОТ

Член 4

Количеството оризова арпа кое што има обавезно да се откупува на подрачието на поедини околиски народни одбори се определува со општ републикански план за откуп на оризова арпа, кој што го донесува Владата на Народна Република Македонија по предлог на Министерот за трговија и снабдување и' Министерот на земјоделието.

Член 5

На основаине добиениот републикански план за откуп на оризова арпа извршниот одбор на околискиот народен одбор составуе план за откуп на оризова арпа за своето подрачие и одредува кои количества оризова арпа и во кои срокови има да се откупуват на подрачието на поедини месни народни одбори.

При составувањето на планот за откуп на оризова арпа и одредувањето количествата на истата за поедини месни народни одбори извршните одбори на околиските народни одбори должни се да водат сметка и за економската сила, стопанската структура, плодноста и големината на површините засејани со ориз.

Член 6

На основание планот за откуп на оризова арпа добивен од извршниот одбор на околискиот народен одбор месниот народен одбор составува план за откуп на оризова арпа за своето подрачие одредувајк'и количествата оризова арпа кои што се должни да ги испорачат поедини производители.

### КАКО СЕ УТВРДУВА КОЛИЧЕСТВОТО ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ОТКУП НА ПОЕДИНИ СТОПАНСТВА

Член 7

За да се одреди вкупното количество оризова арпа која што поедино стопанство е должно да го предаде на државата месниот народен одбор мора пред жетвата да го установи одвишакот на жетвениот принос за секое оделно стопанство.

Тој одвишок на жетвениот принос се установуе на тој начин што се од вкупниот жетвен принос одбива количествата нужни за семе и това до 25 кгр. оризова арпа на 1 декар и по 20 кгр. за исхрана на секој член од стопанството.

Количествата на одвишоците се утврдуваат по оделно за секое земјоделско стопанство во време на зреењето на оризовата арпа со оглед на просечниот жетвен принос во поедини делови на атарот по денар и квалитет на земјиштето.

Член 8

Месниот народен одбор к'е го одреди количеството на оризова арпа кое што секое стопанство е должно да го предаде на државата и това најмалку 60% а најповек'е 98% од установениот одвишок по член 7 ст. 2 на оваа уредба.

При одредување на задолжителната испорака месниот народен одбор е должен да го примени оној процент кои што најповек'е одговара на економската мок' структура, плодноста и големината на засејаните површини на това стопанство.

Член 9

Утврдувањето на задолжителната испорака го врши извршниот одбор на месниот народен одбор на своја седница. Од како к'е го утврди распоредот на откуп на поедини стопанства месниот народен одбор составува список

на стопанствата по образецот кој што го пропишува Министерот за трговија и снабдување, а во кои што за секое стопанство се внесува задолжителните количества на оризова арпа за испорука.

За извршениот распоред на задолженијата месниот народен одбор к'е ги извести производителите.

На извршениот распоред за задолжителните испораки производителите имат право во срок од три дена по саопштувањето да вложат жалба до извршниот одбор на околискиот народен одбор преку својот местен народен одбор.

Член 10

Пополнетите списоци во три примерка заедно со евентуалните жалби месниот народен одбор ги доставува до извршниот одбор на околискиот народен одбор на одобрение. Извршниот одбор на околискиот народен одбор на своја седница к'е изврши преглед на поднесените списоци и жалби. Ако најде дека распоредот за задолжителните испораки не е правилно извршен, к'е изврши нужни исправки. По извршениот преглед и одобрение извршниот одбор на околискиот народен одбор доставуе еден примерок од одобрените списоци на месниот народен одбор, вториот примерок на претпријатието овластено за откуп на оризова арпа, а третиот примерок го задржава за себе.

На основание потврдениот список месниот народен одбор им издава на производителиет писмено решение за задолжувањето. Во решението се одредува количеството оризова арпа која што производителот е должен да ја испорачи, како и срокот за испорака.

Член 11

Задолжителните количества оризова арпа за земјоделските трудови задруги и земјоделските задруги ги определува извршниот одбор на околискиот народен одбор.

Одвишокот на жетвениот принос к'е се установи согласно чл. 7 ст. 2 од оваа Уредба.

Од така установениот одвишок извршниот одбор на околискиот народен одбор може да одреди од 30% до 70% за задолжителна испорака.

Против решението на извршниот одбор на околискиот народен одбор земјоделските трудови задруги и земјоделските задруги имаат право да вложат жалба до Министерството за трговија и снабдување во срок од три дена од денот на соопштувањето.

Ограничението од чл. 3 ст. 5 на оваа Уредба не важи за земјоделските трудови задруги.

Член 12

Државните земјоделски стопанства должни се да ги предадат сите свои одвишоци оризова арпа.

## КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 13

До колку делото не содржи елементи на кривично дело, к'е се казнат со парична казна до 50.000 динари или со поправителна работа до три месеци лицата што се должни да предават оризова арпа по прописите од оваа Уредба,

а) ако без причина или намерно не ја извршат обврската во одредено време;

б) ако имале можност, а не извршиле задолжителната испорака во одреденото количество;

в) ако сокриват оризова арпа;

г) ако дават не точни податоци;

д) ако со својата вина не го извршат договорот за продавање на оризова арпа.

За водење постапка и изречување на казни надлежни се извршните одбори на околиските односно градските народни одбори.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 14

За производителите и земјоделските трудови задруги откупното претпријатие е должно — без накнада во пари — да издаде за секој 100 кгр. оризова арпа по 4 кгр. оризова плева (едра и ситна).

Член 15

Министерот за трговија и снабдување на Народна Република Македонија к'е пропише срокови до кои производителите к'е можат да контрахират продавање на оризова арпа.

Член 16

Поблиски прописи за спроведување на оваа Уредба донесува Министерот за трговија и снабдување.

Член 17

Со влегувањето во сила на оваа Уредба престануват да важат прописите од Уредбата бр. 1544 од 13 IX 1947 година.

Член 18

Оваа уредба влегува во сила веднаш.

Бр. 10722 17 IX 1948 год. Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА ВЛАДАТА НА НР МАКЕДОНИЈА,

Л. Колишевски, с. р.

МИНИСТЕР
ЗА ТРГОВИЈА И СНАБДУВАЊЕ,

А. Каневче, с. р.

## 200

Врз основа чл. 16 ст. 2 од Законот на национализација на приватните стопански претпријатија, во врска чл. 7 ст. 3 од Законот на државните стопански претпријатија, по предлог на Министерот на комуналните работи и Претседателот на Планската комисија, а со цел да се порационално употребуват и користат национализованите имоти, Владата на Народна Република Македонија го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

за предавање на управување млиновите пиланите, црепаните, дрводелските и др. претпријатија, прогласени од значење за републиканско стопанство со Указот У. Бр. 24 од 28 април 1948 година, на извршните одбори на околиските и градските народни одбори на чија што територија се наоѓаат.

1. — Сите млинови, пилани, црепани и др. претпријатија, прогласени од значење за републиканско стопанство со Указот на Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија У. Бр. 24 од 28 април 1948 година, донесени врз основа на чл. 1 ст. 11 од Законот за измекение и дополнение на Законот за национализација на приватните стопански претпријатија поединачно наведени во поменатиот Указ, и тоа: под „Млинови“ од точ. 1 до 69; под „Пилани“ од точ. 1 до точ. 7; под „Црепани“ од точ. 1 до точ. 3 и под

„Дрводелски претпријатија" од точ. 1 до 23, се предаваат на управување на извршните одбори на околиските и градските народни одбори на чија што територија се наоѓаат.

2. — Се овластува Министерот на комуналните работи да, во случај на потреба, да донесува напатствија за спроведување на оваа решение.

3. — Решението да се достави на Президиумот на народното собрание на Народна Република Македонија и да се објави во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Во Скопје, Бр. 11583 17 IX 1948 година.

Претседател на Владата,
Л Колишевски с. р.

Министер на комуналните работи,
Арх. К. Георгиевски с. р.

Претседател на Планската комисија,
К. Миљовски с. р.

**201**

Како ликвидационите органи на филијалите на иностраните кредитни претпријатија, кои за време на окупацијата се образувани на територијата на НРМ, не успеале до сега истите да ги ликвидираат во смисол на прописите на чл. 34 точ 3 од Законот на потврда, измени и дополнување на Законот за утврдување и дејствие на кредитниот систем од 26 X 1948 год а врз основа на чл. 10 од Уредбата за ревизија на дозволите за работа и ликвидација на приватните кредитни претпријатија од 17 VI 1946 год. со измените и дополнување за ревизија на дозволите за работа и ликвидација на приватните кредитни претпријатија (Службен лист на ФНРЈ бр. 96/47 год.) а во врска со чл. 19 од Правилникот на постапка при ликвидација на приватните кредитни претпријатија (Службен лист на ФНРЈ бр. 3/48 год.) го донесувам следното

РЕШЕНИЕ:

За превземање активата и пасивата на филијалите на иностраните кредитни претпријатија, кои за време на окупацијата се образувани на територијата на НРМ.

1) Државата ја превзима целокупната актива и пасива, спрема одобрениот завршен ликвидационен биланс на следните филијали на иностраните кредитни претпријатија, образувани за време окупацијата на територијата на НРМ и тоа:

I. — Бугарска народна банка — филијали:

Скопје, Т. Велес, Кавадарци, Г'евг'елија, Куманово, Кр. Паланка, Битола, Ресен, Охрид, Прилеп, Штип, Кочани и Струмица.

II. — Бугарска земјоделска и кооперативна банка — филијали:

Скопје, Т. Велес, Кавадарци, Гевгелија, Куманово, Кр. Паланка, Битола, Ресен, Охрид, Прилеп, Штип, Кочани, Струмица, Радовиш, Валандово, Берово, Царево Село, Кратово, Св. Николе и Неготино.

III. — Банки „Бугарски кредит" — филијали — Скопје и Битола.

IV. — Албанска народна банка — филијала Тетово

V. — Германо-бугарска кредитна банка — фил. Скопје.

2) Завршните ликвидациони биланси ликвидационите органи к'е ги достават на одобрене на Министерството на финансиите на НРМ најкасно во рок од 3 месеца од објавувањето на ова решение во „Службен весник на НРМ".

3) Со превзимањето на целокупната актива државата едновремено превзима и измирувањето на сите обврски на напред наведените филијали, а во границите на вредноста на превземената актива.

4) Понатамошна постапка за ликвидација к'е се спроведе спрема прописите на чл. чл. 19—26 од Правилникот за постапка на ликвидација на приватните кредитни претпријатија од 11 декември 1947 год. (Службен лист на ФНРЈ бр. 3/48 год.)

Со ова решение се изцело анулират решенијата на ова Министерство бр. бр. 13941 — 44 од 20 VII 1948 год

Ова решение да се објави во „Службен весник на НРМ".

Бр. 18030 15-IX-1948 год. Скопје

МИНИСТЕР НА ФИНАНСИИТЕ НА НРМ,
Д. Џамбаз

СОДРЖИНА:


| Рег. бр. | | Стр. |
|---|---|---|
| | Уредба за отварање школа за општо образование на работниците | 229 |
| 198 | Уредба за ставање вон снага Уредбата за оснивање трговски инспекции во отсеците за трговија и снабдување на извршните одбори на околиските и градските народни одбори на територијата на НР Македонија | 229 |
| 199 | Уредба за откуп на оризовата арпа (нелупен ориз) од рекопта 1948 година | 230 |
| 200 | Решение за предавање на управување млиновите пилание, црепаните, дрводелските и др. претпријатија, прогласени од значење за републиканско стопанство со Указот У. Бр. 24 од 28 април 1948 година, на извршните одбори на околиските и градските народни одбори на чија што територија се наоѓаат | 232 |
| 201 | Решење за превземање активата и пасивата на филијалите на иностраните кредитни претпријатија, који за време на окупацијата се образувани на територијата на Н. Р. Македонија | 232 |


Издава: Новинско издателско претпријатие „Службен весник на НР Македонија" ул. Маршал Тито бр. 10 — Тел. 696 Пошт. фах 51. Директор и одговорен уредник Љубомир Б. Исаиев, ул. 4 бр. 5 — Печати: Печатница „Г. Делчев" Скопје.